**Ристески С. Љупчо**
**(Скопје, Република Македонија)**

# ЕТНИЧКИТЕ СИМБОЛИ И ПОЛИТИКАТА

*Айсшракш:* Во трудот е направен обид, низ призмата на методолошко-теориските аспекти на современите анторполошки истражувања, да се допре до проблемите на современото политичко живеење по примерот на стратегијата на употребата на албанското државно знаме во Република Македонија, како и да се согледаат состојбите не само во општествено-политичкиот живот туку и фактичките процеси на остварување, дефинирање и редефинирање на етничките параметри кои се значајни за иднината на нашата држава.

*Клучни зборови:* политичка антропологија, етнички идентитет, дефинирање и редефинирање на идентитетот, етнички симболи, граници, етнички стратегии, знаме.

Голем број автори, особено социолозите, етнолозите и антрополозите, денес се занимаваат со проблемите на современоста и секојдневието или, уште поточно, со проучувањето на политичкото дејствување на поединците, политичките субјекти или државите. Тоа е, можеби, резултат на теориско - методолошкото свртување на современите автори кон актуелноста, кон она што сите нас нé засегнува во најголема мерка и од коешто зависи егзистенцијата на сите нас. Не навлегувајќи во пригода за тоа, во оваа прилика, сепак, сакам само да ја истакнам нужноста од еден ваков пристап, особено за нас, како сведоци на интензивни културни, општествени и политички превирања. Тоа не значи дека етнологијата или антропологијата треба да се занимаваат со политика, туку да ги следат, да ги забележуваат и да ги анализираат настанатите состојби, како и причините и резултатите од таквите состојби. Тоа е нешто што во западните земји, САД и земјите во Западна Европа, влегува во доменот на *современаша еШнолоГија* или поточно, во доменот на *йолишичкаша анШройолоГија*. Тоа не треба да биде сфатено како став којшто треба да претставува почетна точка при истражувањата во доменот на политичката антропологија, зашто во останатите општествени науки, особено во социологијата, отпорано е почувствувано значењето да се следат овие процеси (Geertz 1993 : 311-326). Сепак, мора да се признае, тоа не може да се изедначи со аспектите на современата етнологија и на политичката антропологија.

Денес е веќе општо прифатено мислењето дека етничките процеси се определувачкиот фактор за актуелните состојби во современите држави и општества, особено кога се имаат во вид актуелните процеси и промени што настанаа и се во тек во многу земји, како во оние со стабилна

економска и државна политика така и во земјите и општествата што се наоѓаат во транзиција (Chalfant - La Beff 1988 : 39; Ташева 1996 : 78-80; 1997 : 7-10). Се разбира, овие процеси се многу поинтензивни и поизразени во општествата што сè уште се наоѓаат во процес на дефинирање или повторно дефинирање на некои значајни елементи во определувањето на етничката посебност (Nagel 1994 : 152-155).

Тргнувајќи од фактот дека "реалната основа на етносот е *променлива и варијабилна*", етничкиот идентитет, генерално, може да се манифестира како "основа за групирање на луѓето, при што членовите на групата меѓусебно се идентификуваат и имаат јасно изразен идентитет, заснован врз чувствата за припадност и самопочитување" (Petrović 1988 : 7-8; Menković 1990 : 52). Притоа, во процесот на градење или, уште повеќе, во поддржувањето на одредени специфични етнички категории за припадноста во свеста на членовите на групата, најзначајни се етничките знаци и симболи.

За следење и анализирање на овие процеси не е потребно да се спроведе посебна методолошка постапка за да се дојде до релевантни податоци, коишто би биле употребени во анализата за утврдување на етничките процеси. Доволно е да се погледне во секојдневието на политичката реалност и да се забележат процесите низ коишто минува нашето општество, државата и етничките заедници во дефинирањето и редефинирањето на своите етнички симболи. Во извонредно краток временски период, сведоци сме на интензивно редефинирање на етничката реалност на просторите на целиот источноевропски блок, при што не беше одбегната ниту нашата земја. Напротив, во нашата реалност овие процеси се особено забележителни.

**Постојат ли модели за создавање и пресоздавање на етничкиот идентитет?**

Факт е дека луѓето се единствените суштества кои меѓусебно комуницираат преку системи на симболи (религиски, јазични, иконични, етнички, културни), при што симболите како системи на комуникација се создаваат, се развиваат, се менуваат или исчезнуваат низ процесите на меѓусебни доближувања на различните групи или заедници на луѓе (Petrović 1988 : 9). "Функцијата на етничките симболи, во суштина, е двојна: симболите ги прават припадниците на одредена заедница препознатливи и лесно уочливи за самите себе, а во однос на друга група, специфични, што значи дејствуваат и кон внатре и кон надвор (Menković 1990 : 52).

Тешко е да се зборува за модел или, уште подобро, за систем на создавање и пресоздавање на етничките симболи, како и да се елаборираат основните специфични компоненти на таквиот систем, на сосема ограничен простор. Сепак, социјалните антрополози издвоиле неколку категории што се значајни не само за процесот туку и во самиот процес на етноидентификација. При изборот на етничките симболи најчесто се врши "митологизација на историското минато, при што одредени настани или елементи од историјата на етничката група добиваат силно

симболичко значење" (Petrović 1988 : 9; Macionis – Benokraitis 1989 : 79-80; 7-10), а со тоа, се разбира, и нови етнички значења и функции.

Тоа би значело дека поставеното прашање - проблем во погорниот наслов, ќе го најде одговорот во натамошното разгледување на категориите *етнос*, *етнички идентитет*, како и на нивните основни специфичности во процесот на создавањето на етничката посебност, што најјасно може да се разбере доколку етносот се сфати како *медиум* низ кој првенствено се остваруваат значајни општествени и политички цели (Prošić-Dvornić 1990 : 24).

Притоа, од особено значење е да се истакне дека "изборот" и "протежирањето" на одредени "историски" или, поточно, "историцистички" елементи, коишто подоцна во процесот на етничкото реидентификување на заедниците стануваат елементарни етнички симболи, поттикнати од одредени центри на моќ и, скоро по правило, со политичка основа. Најчесто, тоа се државите или високите државни структури, независно од тоа дали станува збор за државата во којашто етничката група живее или за "државата-матица", потоа некои моќни политички партии, религиски институции и сл.

**Етносите, етничките идентитети и стратегиите**

Според претходното, станува потполно јасно дека користењето на етносите како стратегии насочени кон остварување на одредени цели придонесло за тоа тие, во модерното време, да добијат во значење, бидејќи од културни и социјални групации прераснуваат во економски и политички ентитети (Prošić-Dvornić 1990 : 31). За ваквите процеси и нивното функционирање денес сме сведоци на многубројни стратегии (избор на државни знамиња, грбови, химни, униформи и многу други знаковни елементи што интензивно преминуваат во симболи на одредени ентитети) (Nagel 1994 : 159) во сите држави во источноевропскиот блок (Kostić 1988 : 24-27), па и во нашата држава.

Меѓутоа, откривањето на овие факти за постоењето на стратегии со политичка конотација и не е нешто особено ново, но проучувањето и елаборирањето на насоките што ги заземаат овие стратегии, како и анализите на можните резултати од тоа, имаат суштествено значење за иднината на нашите државни (Nayden 1996 : 783-790), етнички и политички ентитети.

Во таа смисла, тука сакам да се задржам на процесот на утврдување на некои од позначајните етнички симболи, особено на оние коишто ја тангираат и македонската држава како самосвоен ентитет. Сите ние сме сведоци на процесите на избор, дефинирање и редефинирање на нашите државни симболи. Меѓутоа, овие процеси во рамките на глобалната општествена и политичка состојба во југоисточна Европа ги зафати и останатите држави и етнички заедници (Todoroski 1997 : 32-35). Општ е заклучокот дека скоро сите новосоздадени држави, преку стратегијата да го "задржат" својот историски континуитетот, за свои етнички и државни симболи избраа значајни настани од своето поблиско или подалечно историско минато. Се разбира, во овие процеси, повеќе центри на политичка моќ се обидоа, и сè уште се обидуваат, да направат

редефинирање на своите ентитети, најчесто на штета на соседните ентитети. Во оваа пригода сакам да се задржам на некои од стратегиите, особено на насоките кон коишто се инструираат етничките симболи. Ќе се задржам на примерот со изборот на симболите и употребата на знамињата како симболи во остварувањето на етничките стратегии.

Република Македонија помина низ еден процес на дефинирање и редефинирање на знакот што прерасна во симбол на македонската држава - знамето на Република Македонија. Притоа, во особено чувствителните политички моменти за државата, беа протежирани симболи што го поддржуваа континуираното историско минато на нашата држава, особено на македонскиот народ. Особено е значајно тоа што единствената интенција на центрите на политичката моќ, кои го протежираа знамето со ѕвездата од Вергина, беше да се стори сѐ со цел, македонската држава да го зачува својот државен и национален ентитет без да биде, притоа, стратегијата насочена кон други ентитети, особено кон соседните.

За разлика од таквата стратегија, стратегијата на истакнувањето на албанското знаме (Sinani 1997 : 7-8), инструирана од одредени албански политички центри на моќ, во општините каде што Албанците се мнозински елемент, анализирана не само од аспект на политичката антропологија туку и низ декодирање на симболот како основен носител на одредени фактички информации, има сосема спротивна насока од претходно спомнатата. Имено, декомпонираната информација што ја дава симболот знаме, особено ако е тоа официјален симбол на една држава, во случајот Албанија, и ако биде истакнато во друга држава, носи јасна порака којашто може да се разбере и без нејзино детаљно транскрибирање. Според тоа, насоката на стратегијата што симболот - албанското знаме, ја носи со себе, не е поставена во насока да се зачува самобитноста на ентитетот на Албанците како етничка заедница, туку јасно претендира да се направи проширување на територијата, односно државноста на Албанија на штета на нашата држава (Todoroski 1997 : 32-35). Токму затоа, ваквите стратегии можат да бидат постојан извор на долготрајни несогласувања, коишто, во основа, не се насочени кон доброто и просперитетот на Македонија како мултиетничка заедница, каде што, сепак, Македонците се државотворен елемент и мнозинска заедница.

## ЛИТЕРАТУРА


Chalfant – La Beff 1988

Chalfant, Paul H., La Beff, Emily

1988 *"Understanding People and Social Life : Introduction to Sociology"*. St. Paul, New York, Los Angeles, San Francisko : West Publishing Company.

Geertz 1993

Geertz, Clifford

1993 *"The Interpretetion of Cultures : Selected essays."* London : Fontana Press.

Kostić 1988
Kostić, Sofija
1988 *"So ijalna struktura kao uzrok asimila ije etničkih grupa-data na primeru jednog beogradskog naselja".* Etnoantropološki problemi 3, Beograd, 24-29.

Macionis – Benokraitis 1989
Macionis, John
Benokraitis, Nijole
1989 *"Seeing Ourselves : Classic, Contemporary, and Cross-Cultural Readings in Sociology".* Prentice Hall.

Menković 1990
Menković, Mirjana
1990 *"Odevanje u funk iji etničkih simbola : Keče kao izraz etničkog identiteta Albana a danas".* Etnoantropološki problemi 7, Beograd, 51-55.

Nagel 1994
Nagel, Joane
1994 *"Constructing Ethnicity : Creating and Recreating Ethnic Identity and Culture".* Social Problems, vol. 41, Iss. 1, 152-176.

Nayden 1996
Nayden, Robert M.
1996 *"Imaginated Communities and Real Victims : Self-determination and Ethnic cleansing in Yugoslavia".* American Ethnologist, Vol. 23, Iss. 4, Nov.1, 783-801.

Petrović 1988
Petrović, Edit
1988 *"Etnički identitet kao element teorije o etnosu".* Etnoantropološki problemi 3, Beograd, 7-16.
1990 *"Etnički kontinuitet i etno entrizam".* Etnoantropološki problemi 8, Beograd, 19-25.

Prošić - Dvornić 1990
Prošić - Dvornić, Mirjana
1990 *"Etnos i strategija".* Etnoantropološki problemi 7, Beograd, 23-36.

Sinani 1997
Sinani, Gjergji
1997 *"Balkan Peoples in the Albanian Press (October 1996-March 1997)".* Balkan Neighbours 7/1997, ACCESS Association, Sofia, 3-8.

Todoroski 1997

Todoroski, Goce

1997 *"Balklan Peoples in the Macedonian Press (October 1996-March 1997)"*. Balkan Neighbours 7/1997, ACCESS Association, Sofia, 32-41.

Vlahović 1987

Vlahović, Petar

1987 *"Etnički pluralizam balkanskih naroda i etnos u svetlu antropologije"*. Etnoantropološki problemi 1, Beograd, 7-15.

1990 *"Etnos u antropologiji i etnologiji - okviri istraživanja"*. Etnoantropološki problemi 7, Beograd, 15-21.

Ташева 1996

Ташева, Марија

1996 "*Некои определби на етничноста и етничката група во социлошката теорија*". Годишен Зборник 6 на Филозофскиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, 79-88.

1997 " *Етничките групи и процесите на приспособување и асимилација : Американските искуства*". Социолошка ревија 4/III, 7-32.